# Република Северна Македонија

## Јавна општинска установа за деца – детска градинка
## СРЕЌНИ НАСМЕВКИ
## Босилово

с.Босилово бр.405, 034/512-012, 075/468-708, dgbosilovo@gmail.com

Република Северна Македонија
Јавна општинска установа за деца-детска градинка СРЕЌНИ НАСМЕВКИ
Бр. 04-195/6
29.07. 2025 год.
Босилово

Врз основа на член 143 став 17 од Законот за заштита на деца (Сл.весник на РМ бр.23/13, 12/14.....198/18 и Сл.весник на РСМ бр.104/19, 146/19, 275/19 , 311/20...17/25) и член 22 од Законот за работни односи (Закон за работните односи Сл.весник на РМ бр.62/2005, 106/2008....120/18 и Сл.весник на РСМ бр.110/19...288/21), а по спроведената постапка за јавен оглас за вработување бр.01/2025, Директорот на ЈОУДГ Среќни насмевки Босилово донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидати за вработување на неопределено време**

1. **За работно место За работно место Воспитувач на деца од 2-6 годишна возраст - приправник - ДЕЗ0303В04001 – 1 извршител, нема поднесено ниту една пријава.**

2. **За работно место Хигиеничар - ДЕЗ0401А01004 – 1 извршител, е избран следниот кандидат:**

**- Катица Димитриева**

3. **Вработувањето на гореименуваниот избран кандидат ќе се изврши по конечноста на оваа одлука.**

4. **Оваа Одлука влегува на сила со денот на донесувањето.**

**Образложение**

Од страна на Комисијата за селекција при вработување формирана со решение на Директорот на ЈОУДГ„Среќни насмевки“Босилово бр.02-176/1 од 01.07.2025 година, во функција на спроведување на постапката за вработување на даватели на услуги и помошно-техничкиот персонал од точка 1,2, 3 и 4 од оваа Одлука, а по објавениот јавен оглас за вработување на неопределено време на еден Воспитувач на деца од 2-6 годишна возраст - приправник и еден Хигиеничар, бр.01/2025, објавен на 18.07.2025

во дневниот весник Нова Македонија и Коха, спроведена е постапка согласно важечкиот Закон за заштита на децата.

Комисијата за селекција при вработување по оглас број 01/2025, по спроведената административна селекција, спроведе интервју со кандидатите кои ја поминале административната селекција, изврши бодирање и достави ранг листа до раководното лице, со која ги предложи прворангираните кандидати за соодветните работни места.

Врз основа на доставениот предлог на кандидати за вработување од постапката за вработување на даватели на услуги и помошно-технички прсонал за оглас бр.01/2025 со арх. бр.04-195/5 од 29.07.2025 година, Директорот на ЈОУДГ„Среќни насмевки"Босилово, одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

По конечноста на оваа Одлука, Директорот ќе склучи договор за вработување на избраните кандидати.

Упатство за правно средство: Против оваа одлука незадоволните кандидати, може да изјават жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката.

**ЈОУДГ„Среќни насмевки"Босилово**
**Директор**
**Македонка Гоцева**

Република Северна Македонија Јавна општинска установа за деца детска градинка СРЕЌНИ НАСМЕВКИ Босилово